26

4 -та

# С Е Д Н И Ц А

# НА

# С О В Е Т О Т

25.12.2025 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДОЈРАН
*Совет на општината*
*Кеј 5-ти Ноември бр.1 Стар Дојран, 1487*
**tel/fax: +389 34 225 278**
e-mail: dojran@t.mk
Стар Дојран

Бр.08- 1841/1 16.12.2025 година

---

Врз основа на член 39 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр. 5/02) и ("Службен весник на Р.С.М."), бр.202/24 и член 59 од Деловникот на Советот на општина Дојран -пречистен текст ("Службен гласник на општина Дојран "бр.5/23), донесувам,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За свикување на 4-тата седница**
**на Советот на општина Дојран**

Ја свикувам **4-** тата седница на Советот на општина Дојран.
Седницата ќе се одржи на ден **25.12.2025 година** (Четврток) со почеток во **10,00** часот во просториите на општина Дојран.
За седницата го предлагам следниот,

**Д Н Е В Е Н Р Е Д:**

1.Финансиски извештај за реализирани приходи за спроведување на локалните избори 2025 година;
2.Предлог-Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување во општина Дојран за 2026 година;
3.Предлог-Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување во О.О.У. "Кочо Рацин" Нов Дојран за 2026 година;
4.Предлог-Одлука за отстапување на работна машина, специјално возило за вакумско чистење на улици на Ј.П.К.Д. ,,Комуналец-Полин,, Стар Дојран;
5.Предлог-Заклучок по Иницијативата за меѓуопштинската соработка на Општина Дојран со Општина Штип;
6.Предлог-Одлука за воспоставување на меѓуопштинската соработка на Општина Дојран со Општина Штип;
7.Предлог-Заклучок по барањето за ставање на точка за дневен ред Информацијата за згрижување на одбиените баратели на азил од Велика Британиј во Република Северна Македонија
8.Советнички прашања.

Претседател
на Советот на општина Дојран
Митко Тасев

Врз основа на член 16 став 1 точка 44 од Статутот на општина Дојран („Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), а во врска со член 88 од Изборниот законик („Службен весник на Р.М.", бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17,125/17,35/18, 99/18,140/18, 208/18, 27/19 и („Службен весник на Р.С. М.", бр. 98/19, 42/20, 74/21, 215/21,58/24, 76/24, 63/25 и 116/25), Советот на општина Дојран на седницата одржана на ден **25.12.2025** година, по расправата по, Финансиски извештај за реализирани приходи за спроведување на локалните избори 2025 година, ја донесе следната,

**ОДЛУКА**

**За усвојување на Финансискиот извештај за реализирани приходи за спроведување на локалните избори 2025 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се усвојува Финансискиот извештај за реализирани приходи за спроведување на локалните избори 2025 година, одржани на 19.10.2025 година прв круг и 02.11.2025 година втор круг, утврден со одлука на Општинската изборна комисија Дојран, бр.11-181/2 од 10.12.2025 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Дојран".

Бр.08- 1841/3
25.12.2025 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на општина Дојран
Митко Тасев

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СОВЕТ НА ОПШТИНАТА ОПШТИНА ДОЈРАН

Врз основа на член 20-б став 1 алинеја 3 од Законот за вработените во јавниот сектор("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16,35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19 и 14/20 ), Советот на општина Дојран на седницата одржана на ден **25.12.2025** година, ја донесе следната,

# О Д Л У К А

за давање согласност на Годишниот план за вработување во општина Дојран за 2026 година

**Член 1**

Со оваа одлука се дава согласност на Годишниот план за вработување во општина Дојран за 2026 година, донесен од Градоначалникот на Општина Дојран, Бр.01-1331/3 од 05.12.2025 година.

**Член 2**

Годишниот план за вработување во општина Дојран за 2026 година, ке отпочне да се применува по добиената согласност од Министерството за јавна администрација.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Дојран".

Бр.08- 1841/4
25.12.2025 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на општина Дојран
Митко Тасев

Врз основа на член 20-б став 1 алинеја 3 од Законот за вработените во јавниот сектор("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16,35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19 и 14/20 ), Советот на општина Дојран на седницата одржана на ден **25.12.2025** година, ја донесе следната,

**О Д Л У К А**

за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2026 година во О.О.У. “Кочо Рацин” Нов Дојран

**Член 1**

Со оваа одлука се дава согласност на Годишниот план за вработување за 2026 година во О.О.У. “Кочо Рацин” Нов Дојран, донесен од Директорот на О.О.У. “Кочо Рацин”Нов Дојран, Бр.04-125/8 од 18.12.2025 година.

**Член 2**

Годишниот план за вработување за 2026 година во О.О.У. “Кочо Рацин” Нов Дојран, ке отпочне да се применува по добиената согласност од Министерството за јавна администрација.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Дојран".

Бр.08- 1841/5
25.12.2025 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на општина Дојран
Митко Тасев

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 и член 66 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) и („Службен весник на Р.С.М.", бр.202/24") и член 16 став 1 точка 34 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Советот на Општина Дојран на седницата одржана **25.12.2025** година, донесе

**О Д Л У К А**

за отстапување на на работна машина, специјално возило за вакумско чистење на улици на Ј.П.К.Д. „Комуналец-Полин,, Стар Дојран

**Член 1**

Со оваа Одлука се отстапува, работна машина, специјално возило за вакумско чистење на улици, марка „FOTON", тип V4JB, идентификационен број на возилото LVBV4JBB8RB116386, година на производство 2024 година, на ЈПКД „Комуналец-Полин" Стар Дојран.

**Член 2**

Подвижниот предмет опишан во членот 1 на оваа Одлука се отстапува во сопственост и трајно користење на ЈПКД „Комуналец-Полин" Стар Дојран без надомест.

**Член 3**

Градоначалникот на Општина Дојран и Директорот на ЈПКД „Комуналец-Полин" Стар Дојран, во рок од 30 дена по правосилноста на оваа одлука се должни да склучат договор за регулирање на посебните права и обврски за отстапување на патничкото моторно возило.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Дојран“.

Бр.08- 1841/6
25.12.2025 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на општина Дојран
Митко Тасев

Врз основа на член 6 од Законот за меѓуопштинска соработка ("Службен весник на Р.М."), бр.79/09 и член 16 став 1 точка 40 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран",бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Советот на општина Дојран на седницата одржана на ден **25.12.2025** година, расправајќи по Иницијативата за меѓуопштинска соработка со вршење на определени работи од страна на Општина Штип за Општина Дојран, го донесеследниот,

**З А К Л У Ч О К**

1.СЕ УСВОЈУВА Иницијативата за меѓуопштинска соработка со вршење на определени работи од страна на Општина Штип за Општина Дојран од областа на градежната инспекција.

2.Овој заклучок влегува во сила осум дена од денот на објавување во "Службен гласник на општина Дојран".

Бр.08- 1841/7
25.12.2025 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на општина Дојран
Митко Тасев

Врз основа на член 14 од Законот за локалната самоуправа ("Сл. Весник на Р.С.М.", бр.5/02 и („Службен весник на Р.С.М."), бр.202/24, член 9 и член 29 став 2 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Р.С.М."),79/09") и член 16 став 1 точка 45 од Статутот на општина Дојран („Службен гласник на општина Дојран"), бр.9/06, Советот на општина Дојран на одржаната седница на ден **25.12.2025** година, донесе

**ОДЛУКА**

За остварување на мегуопштинска соработка на Општина Дојран со Општина Штип

Член 1

Со оваа одлука се утврдува остварување на мегуопштинска соработка на Општина Дојран со Општина Штип, формата на меѓуопштинската соработка и предметот на соработката.

Член 2

Меѓуопштинска соработка ке се остварува со вршење на определени работи од страна на Општина Штип за Општина Дојран.

Член 3

Работи кои Општина Штип ке ги извршува за општина Дојран се од областа на градежната инспекција(записници, решенија, заклучоци и други преписки) на овластениот градежен инспектор на Општина Штип.

Член 4

За вршење на работите од членот 3 на оваа одлука Општина Дојран со Општина Штип ке склучат договор со кој поконкретно ке се утврди видот на работите, извршителот на работите, начинот на извршувањето и висината на надоместокот за извршените работи.

Договорот ке го склучат Градоначалниците на двете општини.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во "Службен гласник ан општина Дојран".

Бр.08- 1841/8
25.12.2025 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на општина Дојран
Митко Тасев

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р. М.''), бр.5/02 и („Службен весник на Р.С. М."), бр.202/24) и член 16 став 1 точка 45 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), а во врска со член 6 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Р. М."), бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и („Службен весник на Р.С.М."), бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25), Советот на Општина Дојран на седницата одржана на ден **25.12.2025** година донесе:

**О Д Л У К А**

за прифаќање на донација- реконстриукција на јавен тоалет во Стар Дојран

**Член 1**

Со оваа одлука, Општина Дојран ја прифаќа донацијата дадена во добра и услуги, реконструкција на јавен тоалет во Стар Дојран, сопственост на општина Дојран, кој се наоѓа на К.П. бр.735 К.О. Стар Дојран.

**Член 2**

Донацијата која се дава на Општина Дојран се состои во: Финансирање за Реконструкција на јавен тоалет, во сопственост на, општина Дојран,заведен во имотен лист број 2838, на КП број 735 КО Стар Дојран, број на зграда 1 Б1-17 влез 1 приземје ПР намена ДП со површина од 13 м2 и број на зграда 1 Б1-17 влез 2 приземје ПР намена ДП со површина од 13 м2.

**Член 3**

Донацијата на Реконструкција на јавен тоалет ќе биде со изведување на работи по изготвена предмер пресметка финансова конструкција од стручно лице доставена до Општина Дојран.

**Член 4**

За донацијата ќе биде склучен посебен договор, помеѓу Градоначалникот на Општина Дојран, како примател на донацијата и давателот ТП "ФУК-ТАК" Стар Дојран.

**Член 5**

За реализацијата на оваа донација во Буџетот на Општина Дојран нема да бидат предизвикани никакви финансиски импликации.

Сите работи кои ќе бидат изведувани согласно предмер пресметката ќе бидат исплатени од страна на донаторот.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Дојран".

Бр.08- 1841/9
25.12.2025 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на општина Дојран
Митко Тасев

Врз основа на член 84 од Деловникот на Советот на општина Дојран -пречистен текст ("Службен гласник на општина Дојран "бр.5/23),Советот на општина Дојран, по расправата по барањето за ставање на точка за дневен ред, Информација за згрижување на одбиените баратели на азил од Велика Британија во Република Северна Македонија на седницата одржана на ден **25.12.2025** година ги донесе следните:

## З А К Л У Ч О Ц И

**по барањето за ставање на точка за дневен ред Информацијата за згрижување на одбиените баратели на азил од Велика Британиј во Република Северна Македонија**

**1.**Се осудува лажната кампања и манипулативното дејствување на опозициски политички субјекти, преку кои во јавноиста се пласираат невистини и инсинуации за наводно прифаќање мигранти или изградба на мигрантски кампови на територијата на општините.

**2**. Се констатира дека ваквите дезинформации се шират свесно и континуирано, со цел создавање паника и чувство на несигурност кај граѓѓаните, што директно ја нарушува стабилноста и спокојството во локалните заедници.

**3.**Се потврдува дека на територијата на Општина Дојран нема, ниту било по барано, ниту е договорено, ниту ќе биде дозволено воспоставување мигрантск и кампови, прифатни центри или какви било трајни или времени форми на сместување мигранти.

**4.**Се утврдува дека со овие заклучоци се става крај на сите шпекулации, дезинформации и лажни сценарија поврзани со наводно прифакање мигранти или изградба на кампови, и се потврдува јасна и непроменлива политика против нелегалната миграција, во интерес на безбедноста на граѓаните.

**5.**Се изразува подршка на политиките на Владата насочени кон спречување на нелегалната миграција,заштита на државниот суверенитет и обезбедување стабилност и безбедност во локалните заедници.

**6.**Се истакнува дека меѓуетничките односи, стабилноста, толеранцијата и меѓусебното почитување се темелни вредности на локалната заедница и дека секое неодговорно плитичко дејствување кое може да ги наруши овие односи претставува сериозна закана за општествената кохезија.

**7.**Се повикуваат сите политички субјекти, јавни функционери и јавни чинители да покажат одговорност во јавниот говор, да ги почитуваат фактите и да се воздржат од ширење лаги и манипулации кои можат да предизвикаат страв, тензии и нарушување на јавниот ред во оптшината.

**8.**Овие заклучоци претставуваат јасна порака до граѓаните дека Советот на општина Дојран стои цврсто во заштита на наивната безбедност, мирниот живот и стабилноста на нашата локална заедница.

**9.**Со цел целосна транспарентност и навремено информирање на јавноста, овие заклучоци ке бидат објавени на официјалната интернет страница на општината, како и преку останатите официјални канали за комуникација на општината, заради целосно и точно запознавање на граѓаните со нивната содржина и со ставовите на Советот на општина Дојран.

Бр.08- 1841/10
25.12.2025 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на општина Дојран
Митко Тасев

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДОЈРАН
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр 09-1921/1
30.12.2025 год.
СТАР ДОЈРАН

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М."), бр.5/02 и ("Службен весник на Р.С.М.", бр.202/24) и член 32 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на општина Дојран донесе,

# Р Е Ш Е Н И Е

За објавување на Одлуката за усвојување на Финансискиот извештај за реализирани приходи за спроведување на локалните избори 2025 година

**1.**Одлуката за усвојување на Финансискиот извештај за реализирани приходи за спроведување на локалните избори 2025 година, донесена на седницата на Советот на општина Дојран, одржана на ден 25.12.2025 година, да се објави во "Службен гласник на општина Дојран".

**2.** Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Градоначалник
на општина Дојран
Илија Тентов

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДОЈРАН
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. 09-1921/2
30.12.2025 год.
СТАР ДОЈРАН

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М."), бр.5/02 и ("Службен весник на Р.С.М.", бр.202/24) и член 32 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на општина Дојран донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

За објавување на Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување во општина Дојран за 2026 година

**1.**Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување во општина Дојран за 2026 година, донесена на седницата на Советот на општина Дојран, одржана на ден 25.12.2025 година, да се објави во "Службен гласник на општина Дојран".

**2.** Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Градоначалник
на општина Дојран
Илија Тентов

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДОЈРАН
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. 09-1921/3
30.12.2025 год.
СТАР ДОЈРАН

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М."), бр.5/02 и ("Службен весник на Р.С.М.", бр.202/24) и член 32 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на општина Дојран донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

За објавување на Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување во О.О.У. "Кочо Рацин" Нов Дојран за 2026 година;

**1.**Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување во О.О.У. "Кочо Рацин" Нов Дојран за 2026 година донесена на седницата на Советот на општина Дојран, одржана на ден 25.12.2025 година, да се објави во "Службен гласник на општина Дојран".

**2.** Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Градоначалник
на општина Дојран
Илија Тентов

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДОЈРАН
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. 09-1921/4
30.12. 2025 год
СТАР ДОЈРАН

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М."), бр.5/02 и ("Службен весник на Р.С.М.", бр.202/24) и член 32 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на општина Дојран донесе,

# Р Е Ш Е Н И Е

За објавување на Одлуката за отстапување на работна машина, специјално возило за вакумско чистење на улици на Ј.П.К.Д. „Комуналец-Полин" Стар Дојран

1.Одлуката за отстапување на работна машина, специјално возило за вакумско чистење на улици на Ј.П.К.Д. „Комуналец-Полин„ Стар Дојран, донесена на седницата на Советот на општина Дојран, одржана на ден 25.12.2025 година, да се објави во "Службен гласник на општина Дојран".

**2.** Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Градоначалник
на општина Дојран
Илија Тентов

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДОЈРАН
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. 09-1921/5
30.12. 2025 год.
СТАР ДОЈРАН

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М."), бр.5/02 и ("Службен весник на Р.С.М.", бр.202/24) и член 32 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на општина Дојран донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

За објавување на Заклучокот по Иницијативата за меѓуопштинската соработка на Општина Дојран со Општина Штип

**1.** Заклучокот по Иницијативата за меѓуопштинската соработка на Општина Дојран со Општина Штип, донесен на седницата на Советот на општина Дојран, одржана на ден 25.12.2025 година, да се објави во "Службен гласник на општина Дојран".

**2.** Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Градоначалник
на општина Дојран
Илија Тентов

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДОЈРАН
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. 09-1921/6
30.12.2025 год
СТАР ДОЈРАН

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М."), бр.5/02 и ("Службен весник на Р.С.М.", бр.202/24) и член 32 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на општина Дојран донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

За објавување на Одлуката за воспоставување на меѓуопштинската соработка на Општина Дојран со Општина Штип

**1.**Одлуката за воспоставување на меѓуопштинската соработка на Општина Дојран со Општина Штип, донесена на седницата на Советот на општина Дојран, одржана на ден 25.12.2025 година, да се објави во "Службен гласник на општина Дојран".

**2.** Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Градоначалник
на општина Дојран
Илија Тентов

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДОЈРАН
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. 09-1321/1
30.12. 2025 год
СТАР ДОЈРАН

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М."), бр.5/02 и ("Службен весник на Р.С.М.", бр.202/24) и член 32 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на општина Дојран донесе,

# РЕШЕНИЕ

За објавување на Заклучокот по барањето за ставање на точка за дневен ред Информација за згрижување на одбиените баратели на азил од Велика Британиј во Република Северна Македонија

1.Заклучок по барањето за ставање на точка за дневен ред, Информација за згрижување на одбиените баратели на азил од Велика Британиј во Република Северна Македонија, донесен на седницата на Советот на општина Дојран, одржана на ден 25.12.2025 година, да се објави во "Службен гласник на општина Дојран".

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Градоначалник
на општина Дојран
Илија Тентов

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДОЈРАН
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. 09 - 1321/8
30.12. 2025 год
СТАР ДОЈРАН

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М."), бр.5/02 и ("Службен весник на Р.С.М.", бр.202/24) и член 32 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на општина Дојран донесе,

# Р Е Ш Е Н И Е

За објавување на Одлуката за прифаќање на донација- реконструкција на јавен тоалет во Стар Дојран

**1.**Одлуката за прифаќање на донација- реконструкција на јавен тоалет во Стар Дојран, донесена на седницата на Советот на општина Дојран, одржана на ден 25.12.2025 година, да се објави во "Службен гласник на општина Дојран".

**2.** Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Градоначалник
на општина Дојран
Илија Тентов